Повеќе од 60 претставници на граѓанските организации учествуваа на [информативната сесија] што беше организирана на 26 април 2018 година во просториите на МЦМС. Јасмина Чаушоска, грант менаџер на проектот [детално ги презентираше] документите - [Упатството] и [Формуларот за аплицирање]. Таа зборуваше за приоритетните области за пријавите и за подобните и неподобните трошоци.



Целта на  повикот е зајакнување на капацитети на граѓанските организации за транспарентно и отчетно работење. Затоа, во апликациите може да се планираат активности за адаптација на постоечки документи и правилници за добро управување, но и за подготвување нови; за  воведување системи за раководење со финансиски и сметководствени процедури;  за зајакнување на внатрешните политики за раководење со човечките ресурси, воспоставување системи за оценка на работните достигнувања, за стручни усовршувања; зајакнување на капацитетите на вработените согласно принципите за добро управување; работилници за подготовка на стратешки документи итн.



Прашањата поврзани со повикот може да се испратат на е-маил адресата: jch@mcms.mk,  најдоцна до 10 мај. На заинтересираните им се достапни и сите досега поставени прашања и одговори. Рокот за поднесување на апликацијата е 15 мај 2018 г. најдоцна до 17 часот .

Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик изнесува 75.000 евра. Минимален износ за кој може да се достави предлог-проект е 5.000 евра (307.500 МКД), додека максимален износ е 7.500 евра (461.250 МКД).

**Преземете ги сите досега поставени прашања и одговори околу повикот** за доделување на грантови.

Повикот е дел од програмата на МЦМС „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации“, што се спроведува во партнерство со Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) и Центарот за граѓански организации (ЦНВОС) од Словенија. Програмата е финансиски поддржана од Европската Унија.